**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Економски факултет - Скопје**

Бр. 02-1289/60
Дата. 03.07 2018 година

Врз основа на член 218 став 1 од Законот за високото образование (Сл. Весник на Р.Македонија бр.82/18), член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а согласно писменото известување на Ректоратот бр.02-630/15 од 29.5.2018 година, Наставно-научниот совет на седницата одржана на ден 21.6.2018 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Се констатира дека лицето д-р Кирил Постолов избран со одлука на Универзитетскиот сенат на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр.02-357/10 од 29 март 2016 година во наставно-научно звање редовен професор, во научната област: економика на претпријатијата, по предметот: економика на претпријатие; и во научната област: теорија на организација на деловните системи, по предметот: теорија на организација; заснова работен однос на неопределно време, и го задржува звањето редовен професор доживотно.

Согласно член 218 став 1 од Законот за високото образование (Сл. Весник на Р.Македонија бр.82/18), Редовните професори и научните советници избрани на единици во состав на универзитет кои до денот на влегувањето во сила на овој закон се избрани во тоа звање по прв пат, засноваат работен однос на неопределено време и го задржуваат звањето редовен професор, односно научен советник доживотно.

Врз основа на оваа одлука ќе се изготви посебен договор за вработување на неопределно време со кој ќе се регулираат правата и обврските помеѓу договорните страни.

Оваа одлука да се достави до:
- Проф. д-р Кирил Постолов
- Архива
- Персонално досие

**Д Е К А Н**

**Проф. д-р Љубомир Дракулевски**

Изработил:Д.К

Бр. 02-357/10
29.3.2016 год.
Скопје

Врз основа на член 52, став 1, алинеја 16 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008; 103/2008; 26/2009; 83/2009; 99/2009; 115/2010; 17/2011; 51/2011; 123/2012; 15/2013; 24/2013; 41/2014; 116/2014; 130/2014; 10/2015; 20/2015; 98/2015; 145/2015; 154/2015 и 30/2016), Универзитетскиот сенат, на 38. седница одржана на 29.3.2016 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за избор на редовен професор**

**Член 1**

**Д-р Кирил Постолов,** вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Економски факултет - Скопје, се избира во звањето редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Економски факултет - Скопје, по економски науки, во наставно-научните области:

- *економика на претпријатијата,* по предметот: економика на претпријатие;
- *теорија на организација на деловните системи,* по предметот: теорија на организација.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

ДН:
- Економски факултет - Скопје
- Проф. д-р Кирил Постолов

Изработил: м-р Елизабета Додевска
Одобрил: м-р Марија Маневска

# РЕФЕРАТ

За избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) економика на претпријатијата по предметот Економика на претпријатие и теорија на организација на деловните системи по предметот Теорија на организација на Економскиот факултет во Скопје

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците Нова Македонија и Коха од 30.11 2015. година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) економика на претпријатијата по предметот Економика на претпријатие и теорија на организација на деловните системи по предметот Теорија на организација на Економскиот факултет во Скопје и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот/Научниот совет, бр. 0202-2630/4, донесена на 17.12.2015., формирана е Рецензентска комисија во состав: Проф. д-р Панче Соколов, редовен професор на Економски факултет во Скопје, Проф. д-р Димитар Бојаџиоски, редовен професор на Економски факултет во Скопје и Проф.д-р Љубомир Дракулевски, редовен професор на Економски факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) економика на претпријатијата по предметот Економика на претпријатие и теорија на организација на деловните системи по предметот Теорија на организација на Економскиот факултет во Скопје, во предвидениот рок се пријави вон. проф. д-р. Кирил Постолов.

### Биографски податоци и образование

Кандидатот вон.проф. д-р Кирил Постолов е роден на 18.4.1968. во Скопје. Средно образование завршил во Велес во 1987 година. Со високо образование се стекнал на Економски факултет, насока деловна економија. Дипломирал на 23.9.1992 година, со просечен успех 9,25, за кој успех беше награден со наградите „26.јул“ на 1.10.1992. година и „24. мај“ на 24.мај 1993. од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Кандидатот активно се служи со англиски јазик.

Во учебната 1994/95 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на МБА Менаџмент на Економски факултет во Скопје. Студиите ги завршил во 1998 година, со просечен успех 9,00. На 7.10.1999. година го одбранил

магистерскиот труд на тема: Психолошки- организациони аспекти на раководење со производните претпријатија.

Докторска дисертација пријавил во 2001 година на Економски факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: "Организационо структурирање и негова примена во претпријатијата на стопанството на Република Македонија" ја одбранил на 9.2.2006. година, пред Комисија во состав: проф. д-р. Димитар Бојаџиоски, проф. д-р. Благоја Ѓорѓијовски, проф. д-р Панче Соколов, проф. д-р. Бобек Шуклев и проф. д-р. Олгица Блажеска. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област економски науки.

Со одлука на Наставно научниот совет бр. 0202-1553/1 од 20.6. 2006. година е избран во звање доцент по предметот Теорија на организација, а со одлука бр. 0202-1631/1 од 9.5.2011. е избран во звање вонреден професор по предметите Теорија на организација и Економика на претпријатие.

Во моментот е вонреден професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.1005 од 1.4.2011. година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен/билтени бр. бр.1005 од 1.4.2011. година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Економски факултет, кандидатот вон. проф. д-р Кирил Постолов изведува настава на прв циклус студии по предметите Економика на претпријатие, Теорија на организација и Производен менаџмент, на втор циклус студии по предметите Теорија на организација на студиската програма Стратегиски менаџмент на човечки ресурси и Менаџмент на човечки ресурси, на МБА Менаџмент. Кандидатот е ангажиран и на трет циклус студии по предметите Теорија на организација и Економика на претпријатие.

Кандидатот бил ментор на 73 дипломски трудови.

Кандидатот учествувал како член во Комисија за оцена/или одбрана на 127 дипломски, 23 магистерски трудови и на 10 докторски дисертации.

Рецензент на универзитетски учебник („Инженерска економика") од вон. проф. д-р. Влатко Чингоски.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Кирил Постолов има објавено вкупно 17 научни трудови, од кои 6 труда со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно списание со меѓународен уредувачки одбор, 4 труда со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор, 5 труда објавени во зборник на трудови на високо образовната институција, 1 учество на научен/стручен собир со

реферат (постер) и 1 апстракт објавен во зборник на конференцијата (меѓународна).

Кандидатот бил ментор на 16 магистерски трудови.

## Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Кирил Постолов е коавтор на основен школски или средношколски учебник- Организација за IV година средно стручно образование, второ издание.

Стручен редактор на 10 книги од проектот „Преведување на 1000 стручни и научни книги и учебници од коии се учи на врвните и најреномираните Универзитети во САД и Англија а од областа на правото во Франција и Германија" спроведени преку МОН на Република Македонија.

Учествувал и во промотивните активности на Економски факултет, повеќе пати, член на уредувачки одбор на меѓународно/научно списание и член на организационен или програмски идбор на меѓународен научен/стручен собир.

Стручно усовршување во странство остварил со студиски престој во Прага, Република Чешка.

Д-р Кирил Постолов активно е вклучен во работата на комисија на УКИМ, и тоа: Комисија за сместување во Домот за постдипломци и докторанди „Атанас Близнаков".

На Економскиот факултет, бил и е член на комисиите:

- Член на комисија за изработка на предлог нова систематизација на работни места на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје
- Член на Одбор за издавачка дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет- Скопје
- Координатор на работен тим за подготовка на акционен план за отпочнување на процесот за исполнување на стандардите за стекнување на ЕФМД акредитација- координатор на работен тим наставен кадар
- Претседател на Пописна комисија за 2012 година
- Престедател на комисија за спроведување Анкета за односот на наставниците и соработниците кон наставата

Бил член на 4 рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање.

### Оценка од самоевалуација

Кандидатот вон. проф. д-р. Кирил Постолов, во периодот од последниот избор во звање, заклучно со учебната 2014/2015 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Економски факултет.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Кирил Постолов.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Кирил Постолов поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето **редовен професор** во научните области економика на претпријатијата по предметот Економика на претпријатие и теорија на организација на деловните системи по предметот Теорија на организација.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економски факултет во Скопје, д-р Кирил Постолов да биде избран во звањето **редовен професор** во научните области економика на претпријатијата по предметот Економика на претпријатие и теорија на организација на деловните системи по предметот Теорија на организација на Економскиот факултет во Скопје.

Скопје, 21.12.2015.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Панче Соколов

Проф. д-р Димитар Бојаџиоски

Проф. д-р Љубомир Дракулевски

Анекс 2

**ОБРАЗЕЦ**

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:
Кирил Боривоје Постолов
Институција:
Економски факултет- Скопје
Научна област: економика на претпријатијата и теорија на организација на деловните системи

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | Одржување на настава<br>Прв циклус студии<br>Економика на претпријатие 5*6*15*0,04<br>Економика на претпријатие- втора паралелка 3*6*15*0,04<br>Економика на претпријатие- Струга 1*6*15*0,04<br>Економика на претпријатие- Велес 2*6*15*0,04<br>Економика на претпријатие- 45 1*6*15*0,04<br>Производен менаџмент 3*4*15*0,04<br>Теорија на организација 5*6*15*0,04<br>Втор циклус студии<br>Менаџмент на човечки ресурси (МБА) 2*40*0,05<br>Теорија на организација (СМЧР) 1*40*0,05 | 74,40 |
| | Консултации со студенти<br>Прв циклус студии<br>Економика на претпријатие 2600*0,002<br>Теорија на организација 600 * 0,002<br>Производен менаџмент 100 * 0,002<br>Втор циклус студии<br>Менаџмент на човечки ресурси 50 * 0,002<br>Теорија на организација 10 * 0,002 | 6,72 |
| | Ментор на дипломска работа 73* 0.2 | 14.6 |
| | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат 10 * 0,5 | 5 |
| | Член на комисија за одбрана на магистратура 23 * 0,3 | 6,9 |
| | Член на комисија за одбрана на дипломска работа 127 * 0.1 | 12.7 |
| | Рецензент на универзитетски учебник („Инженерска економика" од проф. д-р Влатко Чингоски) 1 * 1 | 1 |
| | Вкупно | 121.32 |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | Ментор на магистерска работа 16 * 1 | 16 |
| | *Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно списание со меѓународен уредувачки одбор*<br><br>"Challenges for logistics development in Macedonia", Lidija Pulevska – Ivanovska, Kiril Postolov, Ekonomski pogledi, Ekonomski fakultet Kosovska Mitrovica, br. 2/2011, str. 45-50<br>1*3*0,9<br><br>"Employment in Republic of Macedonia vs. European Union", Ekonomski pogledi, Ekonomski fakultet Kosovska Mitrovica, br. 3/2011, str. 51-61<br>1*3 | 15,60 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | “The role of work teams in providing efficiency and effectiveness in functioning of enterprises”, Kiril Postolov, Lidija Pulevska- Ivanovska Ekonomski pogledi, Ekonomski fakultet Kosovska Mitrovica, br. 2/2012, str. 28-37<br>1*3*0,9<br><br>„Различност у плаћању мушког и женског рада“,Kiril Postolov, Lidija Pulevska- Ivanovska ,Ekonomski pogledi, Ekonomski fakultet Kosovska Mitrovica, br. 4/2013, str. 135-150<br>1*3*0,9<br><br>“Managing with organizational environment-strategy of e-business”, Economic Development, Година 16, No. 3/2014,Економски институт, Skopje, коавтор, стр.76-90<br>1*3*0,6<br><br>“Graphology as a human resources selection tool in the organisations”, Vol. 17, број 1, Економски факултет Косовска Митровица, 2015, коавтор. 147-156<br>1*3*0,9 | |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br><br>“Logistics development in Macedonia-opportunities and perspectives”, II International Symposium Engineering Management and Competitiveness, Zrenjanin, 2012, (Pulevska L., Postolov K., Ivanovski S.), 217- 221<br>1*3*0,8<br><br>“Virtual organizations – structure and management”, International scientific assembly ES-NBE 2011, Economic Science in Function of Creating a New Business Environment, Kosovska Mitrovica, 2012, (Mile Mirchevski, Kiril Postolov), 690-702<br>1*3*0,9<br><br>„Petar- Sport Star- balance between professional and private life“, Прва меѓународна научна конференција- Истражување во физичко образование, спорт и здравје, organizirana od strana na Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, одржана во периодот 30-31 мај 2014 година во Охрид, (Кирил Постолов, Александра Јанеска Илиев), 82-85<br>1*3*0,9<br><br>Corporate entrepreneurship and increasing competitiveness with specific reference of enterprises in Macedonia (Marija Magdinceva Sopova, Kiril Postolov, Lidija Pulevska-Ivanovska, Saso Josimovski, Dusko Josevski), International Scientific Conference “Challlenges in Business and Economics: Growth, Competitiveness and Innovations, 16.10.2015., Nis.<br>1*3*0.6 | 9.60 |
| | Труд објавен во зборник на трудови на високо образовната институција<br>5 * 2<br><br>Годишник на Економски факултет Скопје- Том 46, 2011 „Методи на настава применети на Економскиот факултет во Скопје- | 10 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | можности за подобрување", стр. 369-383.<br>Годишник на Економски факултет Скопје- Том 47, 2012 „Проблем на локација на претпријатијата и можности за негово решавање", стр. 249-256.<br>Годишник на Економски факултет Скопје- Том 48, 2013 „Однос стратегија на претпријатието и организациската структура- случајот на претпријатијата во стопанството на Македонија", стр. 239-250.<br>Годишник на Економски факултет, Том 49, 2014. „Влијание на пазарната вредност на претпријатието врз објективноста на алтмановиот z-модел", стр. 329-342<br><br>Годишник на Економски факултет Скопје- Том 50, 2015 „ Управување со стресот на вработените во хотелите во Скопје, стр. 435-444. | |
| . | Учество на научен/стручен собир со реферат (постер)<br>Retailers' evaluation of group deal promotions (Pulevska Ivanovska Lidija, Angelovska Nina, Josimovski Sasho, Postolov Kiril), International Conference, "New Trends in Sustainable Business and Consumption" Buchurest, Romania, 17-20 june 2015.<br>1*0,5*0,6 | 0,3 |
| . | Апстракт објавен во зборник на конференцијата (меѓународна)<br>"The competitiveness of the small companies in condition expressed processes of globalization", first international conference for business, economics and finance, Штип, 2012, Kiril Postolov, Marija Magdincheva-Shopova<br>1*1*0,9 | 0,9 |
| | | |
| | Вкупно | 52.40 |

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| ед. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| . | Основен школски или средношколски учебник<br>Организација за IV година средно стручно образование, второ издание<br>1*6 | 6 |
| . | Експертски активности (стручна ревизија)<br>10 * 1<br><br>Стручна редакција на книгата "Business Communications"- Tom Means<br>Стручна редакција на книгата "Globalization and Business"- John D. Daniels, Lee H. Radebaugh, Daniel P. Sullivan<br>Стручна редакција на книгата "Start-Up Nation"- Dan Senor, Saul Singer<br>Стручна редакција на книгата "Building Organizational Menories: will you know what you knew"- John P.Rigard<br>Стручна редакција на книгата "Globalizing Food:Agrarian Questions and Global Restructuring"- David Goodman, Michael Watts<br>Стручна редакција на книгата "Enterpreneurial Small Business", Jerome Katz<br>Стручна редакција на книгата "Start your own business", | 10 |

| ед. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | Jerome Katz<br>Стручна редакција на книгата "Owning your future", Steve Mariotti<br>Стручна редакција на книгата "Entepreneurship and Small Business Management", Steve Mariotti i Caroline Glackin<br>Рецензент на списанието: Socially Responsible Business, (ISBN 978-83-7571-356-5), Andrzej Frycz Modrzewski Krakow University, Krakow 2014 | |
| . | Учество во промотивни активности на факултетот<br>3* 0,5<br><br>Учество на промотивните активности на Економски факултет- Велес, 2011<br>Учество на промотивните активности на Економски факултет- Велес, 2012<br>Учество на промотивните активности на Економски факултет- Велес, 2015 | 1,5 |
| . | Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание 2 * 1<br><br>Член на редакциониот одбор на часописот „Економски погледи", Економски факултет, Приштина, Косовска Митровица<br>Член на редакциониот одбор на часописот „Пословна изврсност", Економски факултет Загреб, член од странски институции | 2 |
| . | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен / стручен собир<br>3 * 1<br><br>Член на редакциониот одбор на Меѓународниот научен собир „Економска наука у функцији креирања новог пословног абијента- ES-NBE 2011, Економски факултет, Приштина, Косовска Митровица<br>Член на редакциониот одбор на Прва меѓународна научна konferencija- Истражување во физичко образование, спорт и здравје, organizirana od strana na Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, одржана во периодот 2014, Охрид<br>Член на редакциониот одбор на Меѓународна конференција „Унапређење конкурентности српске привреде као оквир и подстицај инвестирања у Србији", Економски факултет, Приштина, Косовска Митровица, 2015. | 3 |
| . | Студиски престој во странство (до 3 месеци)<br>1 * 0,5<br><br>"Strenthbased guidance in lifelong perspective", Прага, Чешка Република, Мај, 2014. | 0,5 |
| . | Член на универзитетска комисија<br>1 * 1<br><br>Комисија за сместување во Домот за постдипломци и докторанди „Атанас Близнаков" | 1 |
| . | Член на факултетска комисија<br>5 * 0,5<br><br>Член на комисија за изработка на предлог нова систематизација на работни места на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје | 2,5 |

| ед. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | Член на Одбор за издавачка дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Економски факултет- Скопје<br>Координатор на работен тим за подготовка на акционен план за отпочнување на процесот за исполнување на стандардите за стекнување на ЕФМД акредитација- координатор на работен тим наставен кадар<br>Претседател на Пописна комисија за 2012 година<br>Претседател на Комисија за спроведување на Анкетата за односот на наставниците и соработниците кон наставата | |
| . | Член на комисија за избор во звање<br>4*0.2<br><br>Член на рецензентска комисија за избор на Асистент по група предмети од обласата на менаџментот<br>Член на рецензентска комисија за избор на Помлад-Асистент по група предмети од обласата на менаџментот<br>Член на рецензентска комисија за избор на Асистент по Инвестиции и Финансиски менаџмент<br>Член на рецензентска комисија за избор на наставник по предметот Менаџмент на ризик | 0.8 |
| | | |
| | Вкупно | 27,30 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 121,32 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 52.40 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 27,30 |
| Вкупно | 201.02 |

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

Проф. д-р Панче Соколов

Проф. д-р Димитар Бојаџиоски

Проф. д-р Љубомир Дракулевски